imageFORMULA
P-215II

# СИГУРЕН, ИЗДРЖЛИВ И ПРЕНОСЛИВ СКЕНЕР




## Пренослив скенер за документи

P-215II е најпродуктивниот скенер што се напојува преку USB во неговата класа и нуди скенирање од типот „приклучи и скенирај“ и за корисниците на Mac и за корисниците на Windows.

## Лесен дизајн што заштедува простор

P-215II има екстремно стилски и елегантен дизајн во црна и сребрена боја. Неговите мали димензии ви овозможуваат да го поставите на преполни работни маси, во фиоки или да го користите во домот. Тој тежи приближно 1 kg и претставува совршена дополнителна опрема за директорите кои патуваат бидејќи може да го носат во актовка или торба за лаптоп.

## Практично поврзување и скенирање со CaptureOnTouch Lite

P-215II е екстремно лесен за користење - само поврзете го со USB-кабел и почнете да скенирате! Софтверот CaptureOnTouch Lite е вграден во P-215II, па затоа нема потреба да преземате дополнителни драјвери или софтвер, треба само да го поврзете и може да скенирате.

**P-215II**

- БРЗИНА НА СКЕНИРАЊЕ ЦРНО-БЕЛО И ВО БОЈА 15 СТР./МИН. / 30 СЛИКИ/МИН.
- ПРЕПОРАЧАН ДНЕВЕН ОБЕМ ОД 500 СКЕНИРАЊА/ДЕН
- АВТОМАТСКИ МЕХАНИЗАМ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ДОКУМЕНТИ ЗА 20 ЛИСТОВИ
- НАПОЈУВАЊЕ ПРЕКУ USB

Canon

# ВАШИОТ НЕОПХОДЕН ПАРТНЕР ЗА СКЕНИРАЊЕ СО ВИСОКИ ПЕРФОРМАНСИ, НЕЗАВИСНО КАДЕ СЕ НАОЃАТЕ

## Брзо скенирање, со напојување преку USB

Модерниот imageFORMULA P-215II нуди најбрзо скенирање со напојување преку USB во неговата класа, со брзина за двострано скенирање до 30 слики во минута, а сето тоа е можно преку само еден USB-кабел. Неговиот автоматски двостран механизам за снабдување со документи за 20 листови овозможува брзо сериско скенирање што е идеално за директори кои треба да обработуваат потпишани документи и да склучуваат зделки.

## Создавајте нови решенија на едноставен начин

Комплетите за програмери на софтвер за CaptureOnTouch и CaptureOnTouch Lite ви овозможуваат да создавате апликации што ќе се интегрираат директно во P-215II за да добиете нови решенија за работни процеси.

## Висококвалитетна обработка на слика

Висококвалитетната обработка на слика е можна благодарение на докажаната технологија за обработка на слика од Canon што овозможува скенирање со висока резолуција до 600 dpi. Остринатa на сликите може да се зголеми уште повеќе со функциите за изоставување бои, намалување на ефектот Moire и напредно подобрување на текст II - совршени за врвен квалитет на скенирање и идеални за создавање PDF-датотеки со можност за пребарување.

## Поддршка за различни медиуми

P-215II може да скенира различни видови на медиуми почнувајќи од стандардниот A4-формат па сè до документи и фотографии со нестандардна големина. Исто така, опремен е со отвор за картички на предната страна што е идеален за скенирање пластични картички за идентификација и картички со релјеф.







## СОФТВЕР




Win&Mac Hybrid

### Capture OnTouch

Интуитивен софтвер за скенирање за брзо и едноставно создавање резултати со врвен квалитет. CaptureOnTouch има кориснички интерфејс со икони за скенирање во повеќе формати на датотеки како PDF, PDF-A, TIFF, JPEG, BMP, PPTX и PNG. Исто така, CaptureOnTouch може да испраќа снимени информации директно кон системи за управување со податоци и апликации врз основа на Cloud (компатибилност и со Windows и со Mac).

### Capture OnTouch Lite

Нуди уникатна преносливост и практичност во движење. Софтверот е вграден во P-215II и овозможува брзо и едноставно поврзување, без потреба од инсталирање какви било драјвери или апликации (компатибилност и со Windows и со Mac).

### Cardiris

Скенирајте ги лесно визит картичките што сте ги собирале со години. Софтверот ќе ги извлече и конвертира важните податоци од вашите визит картички



# ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

imageFORMULA P-215II

| | |
|---|---|
| **Тип** | Скенер за на работна маса со механизам за снабдување со листови |
| **Сензор за исчитување на документи** | CMOS CIS 1-линиски сензор |
| **Оптичка резолуција** | 600 dpi |
| **Светлосен извор** | RGB LED |
| **Страна на исчитување** | Еднострано / двострано / прескокнување празна страница / превиткување |
| **Интерфејс** | High Speed USB 2.0<br>(поддржува напојување и од магистралата USB 3.0) |
| **Димензии** | Затворен фах: 285 (Ш) x 95 (Д) x 40 (В)mm<br>Отворен фах: 285 (Ш) x 257 (Д) x 202 (В)mm |
| **Тежина** | Прибл. 1,0kg |
| **Предуслови за напојување** | Напојување од USB 2.0 магистрала: 0,5A (1,0A во комбинација со USB кабел за напојување)<br>Напојување од USB 3.0 магистрала: 0,9A |
| **Потрошувачка на енергија** | Скенирање: 7,0 W (2 x USB 3.0), 4,5 W (1 x USB 3.0), 2,5 W (1x USB 2.0), 5 W (2x USB2.0)<br>Режим на мирување: 1,5 W, исклучено напојување: 0,1 W |
| **Работни услови** | 10 - 32,5ºC (50 - 90,5ºF), влажност: 25 - 80% RH |
| **Усогласеност за заштита на животната средина** | RoHS |

**БРЗИНА НА ЧИТАЊЕ**[1]
**(А4, портрет)**
**ЦРНО-БЕЛО / сиви тонови**

| | P-215II | |
|---|---|---|
| | **Со USB 3.0** | **USB 2.0** |
| 200 dpi / 300 dpi | 15 стр./мин. / 30 слики/мин. | 12 стр./мин. / 14 слики/мин. |
| 200 dpi | 10 стр./мин. / 20 слики/мин. | 10 стр./мин. / 10 слики/мин. |
| 300 dpi | 6 стр./мин. / 12 слики/мин. | 6 стр./мин. / 6 слики/мин. |

| | |
|---|---|
| **СПЕЦИФИКАЦИИ НА ДОКУМЕНТИ** | |
| **Ширина** | 50,8 mm - 216 mm |
| **Должина** | 70 mm - 356 mm |
| **Дебелина** | 52 - 128 g/m² (0,06 mm - 0,15 mm) |
| **Долг документ** | До 1.000 mm |
| **Скенирање на картички** | 54 x 86 x 0,76 mm (поддршка за картички со релјеф помал од 1,4 mm) |
| **Одвојување листови** | Метод со подлога за раздвојување |
| **Капацитет на механизам за снабдување со листови** | 20 листови (64 g/m²) |
| **ПЕЧАТЕЊЕ** | |
| **Резолуција** | 150 x 150dpi, 200 x 200dpi, 300 x 300dpi, 400 x 400dpi, 600 x 600dpi |
| **Режим** | Црно-бело, дифузија на грешка,<br>напредно подобрување на текст II, 8-битни сиви тонови: (256 нивоа), 24-битни бои,<br>Автоматско откривање на боја |
| **СПЕЦИЈАЛНИ ФУНКЦИИ** | Автоматско откривање на големина на страница, корекција на закосување, 3- димензионална корекција на бои, изоставување бои (RGB), автоматско откривање на бои, корекција на сенки, подобрување текст, MultiStream, однапред поставена крива на гама, панел за скенирање, претходно скенирање, ротација на слика, прескокнување празна страница, избор на скенирана страна на документ, поставување зона на скенирање, ориентација на текст, континуирано скенирање, подобрување рабови, намалување на ефектот Moire, спречување на пробивање на боите / отстранување заднина, прилагодување на контрастот, промена на боја, израмнување заднина, отсекување сенки (избор помеѓу вклучено / исклучено), отсекување, корекции што се соодветни за режимот за фотографии, автоматско поставување на резолуција |
| **ИСПОРАЧАН СОФТВЕР** | |
| **За Windows OS** | ISIS / TWAIN драјвер<br>CaptureOnTouch[2]<br>CaptureOnTouch Lite[2]<br>Дополнителна компонента за: Evernote, Google Drive™, SharePoint®, Cardiris, Dropbox and OneDrive |
| **За Mac OS** | TWAIN драјвер<br>CaptureOnTouch[2]<br>CaptureOnTouch Lite[2]<br>Дополнителна компонента за: Evernote, Google Drive™, SharePoint® и Dropbox |
| **Опции** | Торбичка за носење |
| **Препорачан дневен работен циклус на потрошни материјали** | Подлога за раздвојување, валјак за транспорт<br>500 скенирања/ден |

[1] Брзината на скенирање (преку USB) зависи од спецификациите на компјутерот и поставените функции

[2] Комплетите за програмери на софтвер се достапни преку програмата за програмери од Canon - https://developers.canon-europe.com/

## Комплет за програмери на софтвер (SDK)

Алатките и комплетите за програмери на софтвер се достапни преку програмата за програмери од Canon. За да се регистрирате во програмата:

- Ве молиме посетете ја страницата за регистрација - https://developers.canon-europe.com/developers/s/login/SelfRegister
- Доколку настане каков било проблем за време на пријавувањето, ве молиме контактирајте со администраторот на CDP преку cdp-admin@canon-europe.com

Некои слики се симулираат за појасна репродукција. Сите податоци се засноваат на стандардните методи за тестирање на Canon. ™ и ®; сите имиња на компании и / или на производи се заштитни знаци и / или регистрирани заштитни знаци на нивните производители на нивните пазари и / или во нивните земји.

Посетете го веб-сајтот на Canon за повеќе информации.

Capture OnTouch | Capture OnTouch Lite | Canon Partner Programme | Достапен е SDK | Business Solutions Developer Programme | Cardiris | EMC² CLOUD CAPTURE CERTIFIED

Canon Electronics Inc.
canon-elec.co.jp

Canon Europe
canon-europe.com

Macedonian edition
© Canon Europa N.V.,2022